Република Македонија
Јавна установа меѓуопштински
центар за социјални работи
Бр. 04-877/3
18.07.2018 год.
Велес

Врз основа на член 106 од Законот за социјалната заштита (Службен Весник на Република Македонија бр.79/09, 36/11,51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 77/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17, 51/18) а во врска со член 22 и 23 од Закон за работни односи (Службен Весник на Република Македонија бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16 и член 3 од Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес број 02-751/2 од 29.06.2015 год, 02-266/7 од 27.02.2018 и 02-393/4 од 30.03.2018 год. Директорот на установата донесе

# О д л у к а

За избор на кандидат за вработување на помошно-техничко лице за одржување на објектите

1. За извршител на работното место Хигиеничар, шифра на работното место СО30401А03004, звање на работното место помошно-техничко лице за одржување на објекти од трето ниво во Службата за административни и помошно технички работи во Оддел за помошно технички работи се избира кандидатот Анита Дамеска со завршено основно образование.

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работно место од став 1 на оваа одлука по завршување на постапката за избор и конечноста на одлуката за избор.

3. Кандидатите Оливера Велковска Зафиров и Кристина Ончева не ги исполнуваат условите во огласот во однос на потребната стручна подготовка, имаат повисок степен на образование од степенот на образование што е предвиден за горенаведеното работно место.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување на веб страната и на огласната табла на установата.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на утврдената потреба со Одлука бр.04-877/1 од 05.07.2018 година за пополнување на слободно работно место со вработување на лице по пат на објавување на јавен оглас, а по претходно обезбедени финансиски средства од страна на Министерството за финансии преку Министерството за труд и социјална политика број 04-6518/4 од 25.06.2018 година, ЈУМ Центар за социјална работа-Велес објави јавен оглас бр.05/2018 објавен на 06.07.2018 за вработување на 1 (еден) извршител на работно место Хигиеничар – помошно техничко лице за одржување на објектите од трето ниво во Службата за административни и помошно технички работи во Оддел за помошно технички работи, шифра СО30401А03004.

Во врска со јавниот оглас број 05/2018 објавен на веб страната на установата и во дневните весници Нова Македонија и Лајм за пополнување на работното место преку постапка за вработување по пат на јавен оглас, Директорот спроведе постапка за веродостојноста на доказите за наведеното работно место и го избра кандидатот Анита Дамеска со завршено основно образование бидејќи истата ги исполнува условите во однос на степенот на образование и потребната стручна подготовка.

Кандидатите Оливера Велковска Зафиров и Кристина Ончева не се избираат бидејќи истите не ги исполнуваат условите во огласот во однос на потребната стручна подготовка имаат повисок степен на образование од степенот на образование што е предвиден за горенаведеното работно место.

Врз основа на тоа се изврши избор како во диспозитивот на решението.

ПРАВНА ПОУКА Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка во работен однос од втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на известувањето за избор.

ДИРЕКТОР
Азиза Шини

Доставено до
-Оддел за административни работи
-архива